РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 30-348/1
21.01 20 11 год.
СКОПЈЕ

**ЗАПИСНИК**

***од Седумнаесеттата седница на Националниот совет за евроинтеграции***

***одржана на 22.10.2010 година,***

***Уставна сала, Собрание на Република Македонија***

Седницата на Националниот совет за евроинтеграции започна во 11.15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-ѓа Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

На седницата, во својство на претставник на делегацијата на Европската унија во Република Македонија, присуствуваше г-ѓа Марина Курте, политички советник.

На седницата присуствуваа: г-ѓа Силвана Бонева потпретседател на Советот, г.Александар Николовски, г. Андреј Жерновски, г. Петар Поп Арсов, г. Александар Спасеновски и г. Тито Петковски пратеници и членови на Националниот совет за евроинтеграции, г. Васко Наумовски заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања, г. Димитар Мирчев претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија, претставниците на Советот: г.Мирче Чекреџи од Сојузот на стопански комори на Македонија, г. Дојчин Цветановски од Конфедерацијата на слободни синдикати и г. Александар Кржаловски од Граѓанската платформа на Македонија. На седницата присуствуваа претставници од Службата на Собранието на Република Македонија и медиумите.

За седницата беше предложен и усвоен следниот:

**Дневен ред:**

- *Усвојување на записникот од Четиринаесетата седница одржана на 26 април 2010 година*
- *Усвојување на записникот од Петнаесеттата седница одржана на 25 јуни 2010 година*
- *Усвојување на записникот од Шеснаесеттата седница одржана на 30 август 2010 година*

1. Информација за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, ревизија 2010 за периодот 01.07.2010 – 30.09.2010 година.
2. Предлог-заклучоци од јавната расправа по Предлог-законот за заштита на конкуренцијата и Предлог-законот за државната помош, одржана на 3 септември 2010 година.

3. Предлог-заклучоци од јавната расправа по работната верзија на Предлог-законот за енергетика, одржана на 22 септември 2010 година.

4. Предлог-заклучоци од јавната расправа на тема „Политиките за унапредување на животната средина во Република Македонија", одржана на 29 септември 2010 година.

5. Предлог-заклучоци од јавната расправа по Предлог-законот за ревизија, одржана на 1 октомври 2010 година.

6. Предлог-заклучоци од јавната расправа по Предлог-законот за безбедност на храна, одржана на 15 октомври 2010 година.

7. Тековни прашања.

Записниците од Четиринаесетата седница одржана на 26 април 2010 година, Петнаесеттата седница одржана на 25 јуни 2010 година и Шеснаесеттата седница одржана на 30 август 2010 година беа усвоени едногласно, без забелешки.

**ТОЧКА 1: Информација за реализација на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ ревизија 2010 за периодот 01.07.2010 – 30.09.2010 година;**

Воведно излагање по оваа точка имаше г. Васко Наумовски, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, кој информираше дека во третото тримесечие од годината, Владата на Република Македонија има усвоено 87 закони од предвидените 106 планирани за 2010 година. Од нив 58 закони се донесени и објавени во "Службен весник на Република Македонија", додека останатите 29 предлог закони се во Собраниска процедура.

Во однос на динамиката на исполнување на приоритетите од партнерството за пристапување досега се транспонирани 428 ЕУ мерки за оваа 2010 година, од кои 51% се директиви, 29% се регулативи и 20% се одлуки.

Целта на Информацијата подготвена од Секретаријатот за европски прашања е редовно да се информира Собранието на Република Македонија како и соодветните собраниски тела, за степенот на спроведување на Националната програма за усвојување на правото на Европска унија. Информацијата го опфаќа периодот на реализација од 01.07.2010 година до 30.09.2010 година.

Информацијата се фокусира на активностите поврзани со усвојување на законските акти, зајакнување на административните капацитети, спроведување на законодавството во делови поврзани со политичките и економските критериуми и 33-те поглавја на acquis.

Во дискусијата учествуваа г-ѓа Радмила Шекеринска претседател на Националниот совет за евроинтеграции, г-ѓа Силвана Бонева потпретседател на Советот, г. Петар Поп Арсов и г. Андреј Жерновски, пратеници и членови на Советот, г. Димитар Мирчев, член на Советот и претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија, и Александар Кржаловски претставник на Граѓанската платформа на Македонија.

Претседателот на Советот Радмила Шекеринска ја заклучи расправата по Информацијата за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, ревизија 2010 за периодот 01.07.2010 - 30.09.2010, со заклучок извештајот од седницата да се достави до Владата на Република Македонија.

Шекеринска го информираше Советот дека после одржувањето на 16 седница, од Владата беше побарано до Советот да достави Информација за степенот на реализација на реформите во јавната и државната администрација. Со оглед дека има нова стратегија за реформа на јавната администрација, Шекеринска изрази надеж дека Советот ќе биде во можност за стратегијата да организира дебата до крајот на годината.

**ТОЧКА 2:** Советот со консензус ги усвои заклучоците од јавната расправа по Предлог-законот за заштита на конкуренцијата и Предлог-законот за државната помош, одржана на 3 септември 2010 година.

**ТОЧКА 3:**. Советот со консензус ги усвои заклучоците од јавната расправа по работната верзија на Предлог-законот за енергетика, одржана на 22 септември 2010 година.

**ТОЧКА 4:** Советот со консензус ги усвои заклучоците од јавната расправа на тема „Политиките за унапредување на животната средина во Република Македонија", одржана на 29 септември 2010 година.

**ТОЧКА 5:** Советот со консензус ги усвои заклучоците од јавната расправа по Предлог-законот за ревизија, одржана на 1 октомври 2010 година.

**ТОЧКА 6:** Советот со консензус ги усвои заклучоците од јавната расправа по Предлог-законот за безбедност на храна, одржана на 15 октомври 2010 година.

**ТОЧКА 7: Тековни прашања**

Претседателот на Советот г-ѓа Шекеринска информираше дека на следната седница ќе се дискутира за програмата за работа на Националниот совет. Добро е да се отвори

дебата за учеството на членовите и претставниците на седниците на Советот, да се размисли дали да се сугерира до Собранието да се измени Одлуката за основање на Националниот совет за евроинтеграции, со можност за определување на заменици членови на Советот.

Седницата на Советот заврши во 13.10 часот.

Составен дел на овој записник се стенографските белешки од Седумнаесеттата седница и списокот на присутни членови и претставници на Советот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ**
**ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

**Радмила Шекеринска**

**РАКОВОДИТЕЛ НА**
**СЕКТОРОТ ЗА ПОДДРШКА НА**
**НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ**
**ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

**Даниела Велковска**

Изработил : Г. Котевски
Контролирал : И. Коробар
Одобрил: Д. Велковска